РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4166/15
17-01-2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 08-4166/1 од 04.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _________________, поднесен по избор на функцијата Министер _________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4166/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4166/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот број 08-4166/1 од 04.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _________________, поднесен по избор на функцијата Министер _________________ во Владата на Република Северна Македонија.

_______________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по избор на наведената функција, односно на 04.01.2019 година.

На 15.09.2020 година именуваниот поднел анкетен лист до ДКСК по престанок на функцијата.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот се доставени податоци за следните членови на неговото семејство:

-______________ – брат;

-______________ – мајка;

-______________-татко;

ДКСК, за имотот на __________________ и за имотот на наведените членови на неговото семејство побара податоци од:

-Агенцијата за катастар на недвижности;

-Министерството за внатрешни работи;

-Управата за јавни приходи; и

-Централниот депозитар за хартии од вредност;

Воедно, ДКСК изврши увид во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на _______________, поднесен по избор на функцијата Министер ________________ во Владата на Република Северна Македонија, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.

Одобрил: С.П.Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**

**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател,**

**Биљана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk